РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1440/7
06-08-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-мата седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1440/1 од 21.05.2024 година, оформен по доставена пријава против директорот на ООУ „---------- --------“ --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1440/1 од 21.05.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.05.2024 година, поднесена е пријава против директорот на ООУ „---------- --------“ -------- во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, при што оформен е предмет број 12-1440/1 од 21.05.2024 година. Наводите во пријавата упатуваат на тоа дека директорот не ги почитувал забраните утврдени во членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а од Изборниот законик, со тоа што во време на распишани Претседателски и Парламентарни избори 2024 закажал наставнички совет за избор на членови на Училишен одбор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Државниот просветен инспекторат со кое што беше побарано да постапи во рамките на своите законски надлежности и да сроведе инспекциски надзор над

предметната установа по однос на истакнатите наводи. Дополнително ДКСК побара информација со прилог документација од спроведениот инспекциски надзор како и известување за евентуално преземени дополнителни мерки и дејствија.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и по извршениот увид во приложената документација ДКСК констатираше дека по задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат а врз основа на поднесена пријава од ------- -------, од страна на овластен просветен инспектор бил извршил вондреден инспекциски надзор во ООУ „---------- --------“ --------- во врска со наводите за избор на наставници за претставници во Учичишен одбор за време на изборен процес. За време на надзорот од страна на предметниот инспектор составен е записник од 09.05.2024 година во кој не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор при што со така утврдена фактичка состојба запрена е постапката за натамошно постапување.

Дополнително во врска наводите за избор на наставници за претставници во Учичишен одбор за време на изборен процес, ДКСК утврди дека истото не претставува започнување постапка за вработување нови лица спротивно на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, односно наводите од пријавата против директорот за постапување спротивно на членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а од Изборниот законик не се потврдуваат, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Согласен м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk